РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 1409-312/6
23.09.2020
Скопје - Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 4 седница одржана на 08.07.2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Финансии", од втор циклус магистерски академски студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" Штип**

1. Се акредитира студиската програма за „Финансии", од втор циклус магистерски академски студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" Штип, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2020/2021 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Магистер по економски науки - Финансии /во меѓународен промет академски назив Master of Economic Science - Finance.

Научно - истражувачко подрачје: Општествени науки.
Научно – истражувачко поле: Економски науки
Научно – истражувачка област: 50326 -Финансии 50300 – Економска теорија, 50302 – Применета економија, 50303 – Историја на економска мисла, 50305 – Економски развој, 50308 – Фискална економија5, 0309- Меѓународна економија, 50311- Економика на индустрија, 50312 – Економија на јавни служби, 50328 - Сметководство, 50329 - Друго, 50602 -Менаџмент системи, 50603- Бизнис менаџмент, 50604 – Банкарски менаџмент, 50605– Стратешки менцмен,т 50607 -Финансиски менаџмент, 50614 - Одлучување, 50623 - Претприемништво.

4. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 30 редовни и 10 вонредни студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

По предходно донесената одлука бр. 0201-395/19 од 13.05.2019 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма од втор циклус на студии „Финансии", на Економски факултет при Универзитет „Гоце делчев" Штип, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.1409-312/4 од 16.10.2019 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 3-та седницата одржана на 01.07.2020 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.1409-312/5 од 31.08.2020 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 4-та седница одржана на 08.07.2020 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски